


# РАКОВОДИТЕЛ НА ЕКСПОЗИТУРА
# Head of Branch

**Локација:** Прилеп

**Оддел:** Сектор за Население / Оддел мрежа на експозитури

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство**
**Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**35 експозитури**

**повеќе од 200.000**
**клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилитет**
**и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

- Организира и координира работа на Експозитурата, обезбедувајќи високо ниво на квалитет на услугата
- Одговорен/на за остварување на комерцијалните цели и редовна анализа на резултатите
- Управува, развива и мотивира тим; планира потреби за персонал, следи перформанси и предлага обуки
- Следи пазар, конкуренција и развива активности за унапредување на продажбата и квалитетот на услугите
- Анализира профитабилност и управува со кредитно и депозитно портфолио
- Обезбедува висока опременост на клиентите со банкарски производи и услуги
- Предлага и управува со буџетот на Експозитурата
- Следи и обезбедува почитување на стандардите, процедурите и безбедносните мерки
- Идентификува потреби за подобрување на процесите и иницира оптимизации
- Одговорен/на за постојана супервизија и спречување перење пари
- Продажба на удели/акции од инвестициски фондови и други финансиски производи согласно лиценци и законска регулатива
- Одржува и унапредува соработка со локалната бизнис заедница
- Подготвува редовни извештаи до менаџментот

## Кои квалификации се потребни

- Високо образование со предност од областа на економија;
- Одлично познавање на производите на Банката и темелно познавање на сите упатства за работа во апликациите на Сектор за население вклучувајќи процедури и политики за работа;
- Напредни дигитални вештини особено познавање и активна работа со MCExcel;
- Познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);
- Напредни комуникациски вештини, одлични организациски вештини и способност за одредување приоритети, тимска работа, препознавање на ризикот во работењето и способност за работа под притисок.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивациско писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со 16.09.2026 **година** со назнака **„Апликација за Раководител на експозитура - Прилеп“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!